# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 15 Април 2019 година<br>Скопје<br>Бр.4 Год. XIV |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Заклучок за усвојување на Извештај за работата на полициската станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за 2018 година ......стр.2
2. Одлука за прифаќање иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 15, Општина Ѓорче Петров-Скопје ......стр.4
3. Одлука за измени и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2019 година ......стр.7
4. Одлука за времено запирање на постапките по барањата за издавање на документација поврзана со локалитетот „ВЕЛЕ ПОЛЕ“ Волково, Општина Ѓорче Петров ......стр.10
5. Мислење за измена и дополнување на Програмата за организирање на еднодневен пролетен излет на ООУ„Ѓорче Петров“Општина Ѓорче Петров– Скопје, за учебната 2018/2019 година .стр.12
6. Одлука за збратимување на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Северна Македонија, со Општина Ириг, Автономна покраина Војводина, Република Србија ......стр.14


Април 2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров" за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров" за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на дваесет и шестата седница, одржана на ден 15.04.2019 година.

**Број 09-1324/1**
**од 15.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 25 од Законот за полиција (Службен Весник на Р.М. бр. 114/06), член 16 став 1 точка 28 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 15.04.2019 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров“**
**за безбедносната состојба на подрачјето на Општина**
**Ѓорче Петров за 2018 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот на Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2018 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1256/3** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 15.04.2019 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 15,**
**Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање на иницијативата за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 15, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на дваесет и шесттата седница, одржана на ден 15.04.2019 година.

**Број 09-1324/2**
**од 15.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа член 20 и 21 став 3 , 4 и 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница, одржана на 15.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на иницијативата за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 15**
**Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата поднесена од Друштвото „ДЕА-КОМ" ДОО експорт-импорт Гостивар, доставена до Општина Ѓорче Петров број 25-41/1 од 24.01.2019 година, за изработка на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 15, Општина Ѓорче Петров-Скопје.

**Член 2**

Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 15, Општина Ѓорче Петров, кој е предмет на иницијативата со површина од 14,43ха.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 15, Општина Ѓорче Петров-Скопје треба да се изработи согласно член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и согласно важечкиот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

**Член 5**

Трошоците за Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 15, Општина Ѓорче Петров-Скопје, се на товар на подносителот на иницијативата за изработка на планот.

**Член 6**

Градоначалникот и стручните служби од одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, по усвојувањето на одлуката за прифаќање на иницијативата за изработка на Деталниот урбанистички план СЗ за градска четврт 15, Општина Ѓорче Петров, да преземат активности согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, за навремено изготвување на предметниот план.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1256/4**
**од 15.04.2019 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Програма за урбано планирање „Ф"на Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф"на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на дваесет и шесттата седница, одржана на ден 15.04.2019 година.

**Број 09-1324/3**
**од 15.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Р.М број 5/02), а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен Весник на Р.М. број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16 и 190/16),член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на 15.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф“**
**на Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

**Член 1**

Во Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2019 година „Ф1“ подпрограма за урбанистичко планирање, објавена во („Службен Гласник“ на Општина Ѓорче Петров број 17/18), се врши измена и дополнување во делот „трошоци за изготвување на урбанистички планови-табела расходи“, дел „изработка на Детални урбанистички планови соглано Генералниот урбанистички план на град Скопје“на начин што во подставка „Планирани урбанистички планови за 2019 година“ во точка три (3) по алинејата „ - Изменување и дополнување на ДУП за градска четврт СЗ 03, Блок 8 -ДУП СЗ 24 (Блок СЗ 24.03), се додава нова алинеја која гласи:

- Детален урбанистички план за градски четврт СЗ 15.

**Член 2**

Одлуката за измена и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, е составен дел на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2019 година.

**Член 3**

Се задолжува секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработи пречистен текст на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2019 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-1256/5** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 15.04.2019 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за времено запирање на постапките по барањата за издавање на документација поврзана со локалитетот „ВЕЛЕ ПОЛЕ“ Волково, Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за за времено запирање на постапките по барањата за издавање на документација поврзана со локалитетот „ВЕЛЕ ПОЛЕ“ Волково, Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на дваесет и шесттата седница, одржана на ден 15.04.2019 година.

**Број 09-1324/4**
**од 15.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница, одржана на ден 15.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За времено запирање на постапките по барањата за издавање на документација поврзана со локалитетот „ВЕЛЕ ПОЛЕ" Волково**

**Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров времено да го запре постапувањето на општинската администрација по барања кои се поднесени или ќе бидат поднесени од физичи и правни лица за издавање на документи како што се: уверенија за карактер на земјиште, изводи од детален план, одобрение за градење, измени во тек на градење, известување за почеток на градба и останати акти кои произлегуваат од Законот за градење, а се однесуваат за планскиот опфат на локалитетот „Веле Поле„ кој опфаќа површина од 255,62 хектари, на кој се планира изградба на Клиничкиот центар – објект кој е од повисок јавен интерес за Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Границата на плански опфат за кој се однесува времено запирање подетално опишано во член 1 од ова Одлука, започнува од оската на обиколницата во КО Волково, оди кон северозапад по јужната граница на КП 2043/2 се до тромеѓата на КП 2043/2, 2054 и 2055, од тука скршнува кон југозапад по западната граница на КП 2054 и 2056/2 се до границата со КО Кучково, продолжува кон југозапад по југоисточната граница на КП 3421/2, 3413/1, 3413/2 се до тромеѓата на КП 3428, 3438/2 и 3440, скршнува кон северозапад по северната граница на КП 3440 се до првата прекршна точка, од тука врти кон југозапад, ја сече КП 3440 и оди се до КП 3397/1, од тука продолжува кон југ по источната и јужната граница на КП 3397/1 се до тромеѓата на КП3397/1, 3611/1 и 3612/1. оди кон север по западната граница на КП3612/1, потоа скршнува кон запад по југозападната граница на КП 3397/3 и КП3397/1 ја сече КП 4519(пат) се до тромеѓата на КП 4519, 3634 и 3633, врти кон запад по северната граница на КП 3633 се до тромеѓата на КП 3633, 3634 и 4490(поток), скршнува кон југ по источната граница на КП 4490(поток) се до тромеѓата на КП 4490, 3621 и 3618, од тука врти кон запад по јужните граници на КП 3673, 3672 и 3666 се до четворомеѓата на КП 3666, 3665, 3667 и 3663, врти кон југ по источните граници на КП 3663 и 3662 се до тромеѓата на КП 3662, 3658/1 и 3905(пат), врти кон запад по јужната граница на КП3662 се до КП3905(пат) кој истовремено е и граница со општина Сарај. Потоа по општинската граница се спушта кон југ се до границата меѓу КП 4085 и 4145, продолжува кон југ по источните граници на КП 4145, 4144, 4143, 4142, 4140, 4139, 4137, 4135, 4127, 4128/2 продолжува кон југ по западните граници на КП 1920 КО Кучково, се до тромеѓата на КП 1920, 1874 и 1878, врти кон југозапад по северните граници на КП 1878, 1921, 1922, 1923, 1928, 1929 и 1933 ср до 1932 и излегува на границата со општина Сарај, скршнува кон

југоисток и по општинската граница се спушта се до оската на северната обиколница. Од тука се движи кон север по оската на обиколницата се до почетната точка во КО Волково.

**Член 3**

Временото запирање на постапките по барањата на физичките и правните лица за издавање на наведените документи во член 1 од одлуката ќе трае до спроведување на сите активности поврзани со изработката и донесувањето на Урбанистичкиот план за вон населено место Веле Поле, Волково.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1256/6**
**од 15.04.2019 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Мислењето за измена и дополнување на Програмата за организирање на еднодневен пролетен излет на ООУ „Ѓорче Петров" - Општина Ѓорче Петров – Скопје, за учебната 2018/2019 година**

Се објавува за измена и дополнување на Програмата за организирање на еднодневен пролетен излет на ООУ „Ѓорче Петров" , Општина Ѓорче Петров – Скопје, за учебната 2018/2019 година, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на дваесет и шесттата седница, одржана на ден 15.04.2019 година.

**Број 09-1324/5**
**од 15.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 13/14 и 3/2019) и Правилникот за ученичка екскурзија и други слободни активности на учениците од основните училишта, донесен од страна на МОН, Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 15.04.2018 година, го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**
**за измена и дополнување на Програмата за организирање на еднодневен пролетен излет на ООУ „Ѓорче Петров" , Општина Ѓорче Петров – Скопје, за учебната 2018/2019 година**

Доставената измена и дополнување на Програмата за организирање на еднодневен пролетен излет на ООУ „Ѓорче Петров" за учебната 2018/2019година, наместо еднодневен пролетен излет на учениците од I до IX одделение- рекреативен центар- Скачковце, го предвидува следниот излет:

-еднодневен пролетен излет на учениците од I до IX одделение- рекреативен центар- Чардак, Скопска Црна Гора.

Програмата ги содржи сите потребни податоци за воспитно образовните цели, задачи, содржини и активости. Јасно и прецизно се наведени локациите за посета, времетраењето и техничката организација, како и начинот на финансирање на екскурзиите .

Комисијата за образование, наука, здравствена и социјална заштита на децата на Општина Ѓорче Петров констатира дека Програмата за измена и дополнување на Програмата за организирање на еднодневен пролетен излет на ООУ „Ѓорче Петров" за учебната 2018/2019 ги задоволува сите крутериуми и е во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основно образование.

**Број 08-1256/7**
**од 15.04.2019 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за збратимување на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Северна Македонија, со Општина Ириг, Автономна Покраина Војводина, Р.Србија**

Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Северна Македонија, со Општина Ириг, Автономна Покраина Војводина, Р.Србија, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на дваесет и шесттата седница, одржана на ден 15.04.2019 година.

**Број 09-1324/6**
**од 15.04.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 14 став 4 и 5 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статут на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/2019), Советот на Општина Ѓорче Петров на 26-тата седница одржана на ден 15.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за збратимување на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Северна Македонија, со Општина Ириг, Автономна покраина Војводина,Р.Србија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува збратимувањето на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Северна Македонија со Општина Ириг, Автономна покраина Војводина, Р.Србија.

**Член 2**

Збратимувањето е официјален свечен чин на меѓусебна меѓународна соработка меѓу двете Општини.

Меѓународната соработка ќе се воспостави со цел унапредување и развивање на повеќе области и тоа: локален економски развој, култура, спорт, образование, заштита на животната средина, развој на туризам, развој на комунална дејност, зачувување на природно и културно наследсво, припремање и поднесување на барања за заеднички проекти за користење на фондовите на Европската Унија и други организации како и соработка во други области кои се од интерес на двете локални самоуправи.

**Член 3**

Збратимувањето ќе биде потврдено со потпишување на протокол за соработка од двете општини.

Протоколот во име на општина Ѓорче Петров ќе го потпише Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1256/8**
**од 15.04.2019 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**